# НОВО срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 99, Дата: 12. 09. 2011.**


## ИСТРАЈНОСТ

*„ И така, бидете трпеливи, браќа, до Господовото доаѓање! Ете, земјоделецот го чека скапоцениот род од земјата, чека трпеливо додека не го прими раниот и доцниот дожд. Чекајте трпеливо и вие, зацврстете ги своите срца, зашто е близу Господовото доаѓање.“ (Послание на апостол Јаков 5:7-8)*



Џорџ Милер (христијански проповедник и директор на сиропиталиште) еден ден одлучил да се моли за петмина, негови пријатели, кои живееле безбожен живот и не Го познавале Христа. По многу месеци, само еден од нив поверувал во Господа.

Десет години подоцна, други двајца (од петте пријатели) ги предале своите животи на Христос. Поминале уште 25 години пред четвртиот пријател да се покае. Милер упорно и истрајно продолжил да се моли и за својот петти пријател, се до својата смрт. Во период од 52 години, тој никогаш не се откажал од својот неверен пријател, надевајќи се дека и тој ќе го прифати Исус! Неговата вера и упорност биле наградени. На погребот на Милер и последниот пријател бил спасен.

Иако оваа вистинита приказна во голема мера зборува за молитвата, можеме да забележиме дека нејзиниот нагласок е на истрајноста и трпеливоста. Ако тие се насочени кон благородни цели (како што беше случајот со Милер), истрајноста и трпеливоста стануваат вистински доблести и се причина за многу благослови.

Замислете ги плодовите на научникот кој не се откажува од своите истражувања, дури и кога експериментот не успеал и по 100-ти пат. Или, избројте ги спасените животи, благодарение на тоа што лекарите не престанале да трагаат по лек, иако со години болеста продолжувала да одзема животи. Или, измерете ја радоста на родителите, кои го нашле својот, исчезнат син, само затоа што одлучиле да го бараат се додека има здив во нив.



И самиот Господ Исус, сакајќи да ја покаже Неговата истрајна љубов кон човекот, во една своја парабола се споредува со пастир кој е спремен да оди и да ја бара загубената овца, се додека не ја пронајде. (Лука 15:3-7). Изворот на Неговата трпеливост е Неговата огромна љубов кон човекот, кој е загубен во овој свет.

Си размислувал ли дека можеби ти си оној по кој Господ Исус трпеливо и истрајно трага; чука на твоето срце и чека да се покаеш и да се свртиш кон Него!? Зар не си радосен дека постои еден трпелив Бог, Кој не се откажува лесно од тебе, Кој неизмерно те љуби и е истраен во Неговата намера, да те донесе до Небесните порти!?

П.С. Во духот на истрајноста и ние продолжуваме да го објавуваме билтенот „НОВО СРЦЕ“, стигајќи до неговиот 100-ти број. Се надеваме дека таа наша истрајност, донела духовен препород кај некои од вас, или пак ја зацврстиле вашата вера. Бидете благословени!


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. И-мејл : novosrce1@gmail.com**